8.10.2026

МУЗИЧКИ КОД

Програма:
В. А. Моцарт: Увертира од операта „Дон Џовани“
Џ. Росини: Увертира од операта „Севилскиот берберин“
Л. Ван Бетовен: Увертира „Кориолан“
Ј. Брамс: „Академска фестивалска увертира“
Р. Вагнер:Увертира од операта „Мајсторите пејачи од Нирнберг“
Џ. Верди: Увертира од операта „Моќта на судбината“
Д. Шостакович: „Свечена увертира“

Со настапите дома и во странство, а особено со последните гостувања со Краковската, Северночешката, Софиската и Македонската филхармонија, Борјан Цанев останува еден од најбараните диригенти во Македонија и во поширокиот регион. Маестро Цанев ја балансира својата кариера помеѓу сценските настапи и наставата како професор на Факултетот за музичка уметност во Скопје. Неговиот 20-годишен ангажман како главен диригент на Македонската филхармонија, одигра исклучително важна улога во квалитативниот раст на ансамблот. Во улогата на наставник и ментор, тој поведе многу генерации музичари кон нивните професионални патишта дома и во светот. Како добитник на високите признанија „Виртуози – најдобар музички изведувач“ и „Ѓорѓи Божиков“ – за најдобра изведба на дела од македонски композитори, тој важи за еден од најпрефинетите музичари во Македонија. Дипломира на Факултетот за музичка уметност во Скопје, а магистрира на Државната музичка академија во Софија. Веднаш потоа е назначен за диригент на Македонската филхармонија, каде што останува до 2019 година. Во 2000/2001 Цанев специјализира диригирање на Кралскиот музички колеџ во Лондон, каде што работи со реномираните диригенти сер Сајмон Ратл, Даниеле Гати и Јанош Фурст. Токму на Кралскиот колеџ ја добива и наградата „Аугуст Манс“ за најдобар млад диригент. Еден од најважните настани од неговата рана кариера е поканата да му биде асистент диригент на сер Колин Дејвис во продукцијата на Моцартовата опера„Дон Џовани“ во Кралската оперска школа, за потоа да диригира со Лондонскиот симфониски оркестар како дел од мајсторскиот клас на сер Колин Дејвис. Во наредните години маестро Цанев остварува многубројни концерти со Македонската филхармонија, како и со нејзиниот Камерен оркестар во Македонија и во странство (Рим, Париз, Истанбул, Прага, Нови Сад, Загреб, Њујорк, турнеи во Полска и Казахстан). Во периодот од 2003 до 2006 година дејствува како главен диригент на камерниот оркестар „Скопски солисти“, а од 2006 до 2009 е назначен за постојан гост диригент на Софиската филхармонија. Во Македонската опера и балет диригирал повеќе изведби на „Травијата“ од Верди, ја води премиерата на новата продукција на „Волшебната флејта“ од Моцарт, како и премиерата на балетот „Александар III Македонски“ од Љубомир Бранѓолица. Во 2015 година ја предводи Македонската филхармонија на првото гостување на оркестарот во САД, вклучувајќи два концерта во Њујорк, во „Карнеги хол“ и во Музичкиот центар „Кауфман“. Покрај настапите со Македонската филхармонија, маестро Цанев диригирал и со бројни познати оркестри: Лондонскиот симфониски оркестар, Софиската филхармонија, Филхармонијата во Краков, Северночешката филхармонија, Црногорскиот симфониски оркестар, Филхармонијата на Арад, Симфонискиот оркестар „Вагнер“ од Токио, Симфонискиот оркестар на Војводина, „Синфониета“ – Софија, Хрватскиот камерен оркестар, Задарскиот камерен оркестар, Камерниот оркестар на Музичката младина на Македонија и др. Настапувал со светски реномирани солисти, меѓу кои: Иво Погорелиќ, Јоханес Мозер, Готје Капусон, Сергеј Накарјаков,Сајака Шоџи, Даниел Милер-Шот, Кирил Трусов, Серхио Тиемпо, Иља Гринголц, Акико Суванаи, Симон Трпчески, Алексеј Огринчук, Жанг Зуо (Зи Зи), Штефан Дор, Џозеф Алези, Дејвид Герет, Стефан Миленковиќ, Роман Симовиќ, Стјепан Хаузер, Евгени Божанов, Криштоф Барати, Моника Лесковар, Тине Тинг Хелсет, Антал Залаи, Емануел Сејсон, Питер Лукаш-Граф, Бранимир Слокар, Гзавие Филипс, Раби Абу-Калил, Ана Дурловски, Благој Нацоски и многу други. Диригирал на сите реномирани фестивали во Македонија: Охридско лето, Скопско лето, Мајски оперски вечери, Денови на македонската музика, како и на многу фестивали во странство вклучувајќи ги: Жорж Енеску, Котор арт, Загрепски летни вечери, Варненско лето, НОМУС, Светот на музиката – Загреб и др. Борјан Цанев како диригент се појавува во САД, Англија, Јапонија, Италија, Франција, Чешка, Полска, Хрватска, Србија, Бугарија, Црна Гора, Турција, Романија, Босна и Херцеговина, Казахстан, а има направено снимки за Македонската радио-телевизија, за Бугарското национално радио, како и за „FAMES Project“ Македонија. Во моментов е редовен професор на Факултетот за музичка уметност во Скопје, а истовремено продолжува со настапите во неговата поранешна матична куќа – Македонската филхармонија.

Историјата на увертирата е, во извесна смисла, историја на постепеното ослободување на оркестарската музика од нејзината првична сценска функција. Од инструментален вовед чија задача била да го привлече вниманието на публиката и да ја отвори театарската претстава, увертирата постепено станува носител на драматуршка идеја, синтеза на музичкиот материјал на едно сценско дело, а подоцна и целосно самостојна оркестарска форма.
Програмата на овој концерт го следи тој процес низ седум различни поетики. Кај Моцарт и Росини увертирата сè уште е тесно поврзана со оперскиот театар, но веќе покажува значајна автономија; кај Бетовен драматургијата се преселува од сцената во самата оркестарска форма; кај Брамс увертирата станува простор за симфониска обработка на конкретен тематски материјал; кај Вагнер таа се преобразува во концентриран музички предговор на цел еден драмски свет; кај Верди оркестарот ја презема улогата на драматург; а кај Шостакович увертирата повторно се појавува како блескава, самостојна концертна форма, ослободена од потребата за сценска приказна.

В. А. Моцарт: Увертира од операта „Дон Џовани“

Моцартовата увертира од операта „Дон Џовани“ е едно од највпечатливите остварувања во жанрот и истовремено пример за извонредната драматуршка интуиција на композиторот. Операта, на либрето од Лоренцо да Понте, била премиерно изведена во Прага, на 29 октомври 1787 година.
Увертирата започнува со бавно, свечено и заканувачко Andante во де-мол. Нејзината темна звучност директно упатува кон драматичниот свет на завршницата на операта, особено кон појавувањето на Камената статуа во сцената, во која Дон Џовани се соочува со последиците од своите постапки. Со ова Моцарт, уште пред да започне дејството го поставува основниот драмски пол на делото: спротивставувањето меѓу безгрижниот хедонизам и неизбежната казна.Следното Allegro, напротив, внесува енергија, движење и блескавост. Интересно е што неговиот тематски материјал не е преземен од самата опера. Контрастот меѓу темниот вовед и живото Allegro ја отсликува сложената природа на делото – опера која истовремено е комична, драматична и трагична. Во оваа увертира Моцарт не само што ја најавува операта туку создава самостоен драмски свет во кој музиката станува носител на нејзината суштинска атмосфера.

Џ. Росини: Увертира од операта „Севилскиот берберин“

Увертирата за „Севилскиот берберин“ е едно од најпрепознатливите оркестарски дела на Џоакино Росини и пример за неговиот карактеристичен стил – енергичен ритам, јасна мелодиска профилација, постепено градење на динамичкиот интензитет и ненадминливо чувство за сценски ефект.
Операта, според комедијата на Пјер Огистен Карон де Бомарше, била премиерно изведена во Рим, во 1816 година. Нејзината увертира, сепак, има необична историја: Росини не ја компонирал првично за оваа опера, туку претходно ја употребил увертирата најнапред во операта серија „Аврелијан во Палмира“, а потоа и во операта„Елизабета, кралицата на Англија“.Фактот што истата музика можела да функционира во толку различни драмски контексти ја покажува флексибилноста на Росиниевиот стил и специфичната функција на увертирата во италијанската опера од почетокот на 19 век.
За разлика од подоцнежната романтичарска увертира, која често содржи тематски материјал од операта и го најавува нејзиниот драмски развој, Росиниевата увертира функционира пред сè како блескав оркестарски вовед. Постепеното акумулирање на енергија, карактеристичните крешенда и виртуозната оркестрација, создаваат чувство на постојано движење и комичен немир – идеална звучна најава за светот на Фигаро, Розина и комичните интриги што следуваат.

Л. Ван Бетовен: Увертира „Кориолан“

Бетовеновата „Кориолан“ е увертира инспирирана од истоимената трагедија на Хајнрих Јозеф фон Колин, која се темели на приказната за римскиот војсководец Кориолан. Делото е компонирано во 1807 година и претставува еден од најсилните примери на Бетовеновата способност преку чисти оркестарски средства да изгради драмски наратив. Музиката започнува со кратки, остри акорди во це-мол, проследени со силен контраст меѓу напнатите и лирските тематски идеи. Основниот тематски материјал може да се восприема како музички израз на конфликтот, гордоста и непримирливоста на Кориолан, додека спротивставениот, помирен материјал внесува човечка и лирска димензија. Овој контраст постепено го гради драмскиот лак на композицијата.
Иако делото често се определува како програмско, Бетовен не ја „раскажува“ приказната буквално. Наместо тоа, драмата ја претвора во музички процес: конфликт, спротивставување, обид за помирување и конечно распаѓање. Во самата завршница музичкиот материјал постепено ја губи својата сила, создавајќи впечаток на исчезнување – сугестивен музички еквивалент на трагичниот крај на Кориолан.

Ј. Брамс: „Академска фестивалска увертира“

„Академска фестивалска увертира“на Јоханес Брамс е едно од најдуховитите дела во неговиот оркестарски опус. Компонирана во 1880 година, таа била неговиот музички одговор на почесниот докторат што му го доделил Универзитетот во Бреслау.
Наместо формален и свечен „академски“ поздрав, Брамс создава дело исполнето со хумор, младешка енергија и студентски дух. Тој самиот ја опишал увертирата како „многу бучнипотпурија од студентски песни“. Во неа се обработени четири популарни студентски песни, меѓу кои „Gaudeamus igitur“, која го носи грандиозното финале.
Делото е особено интересно поради начинот на кој Брамс ги спојува сериозниот симфониски пристап и елементите на популарната студентска култура. Контрапунктската разработка, внимателната оркестрација и цврстата формална конструкција се типично „брамсовски“, но истовремено музиката е полна со иронија и ведрина. Така, „Академска фестивалска увертира“ не е само пригодно дело туку и духовит дијалог меѓу академската традиција и младешкиот ентузијазам.

Р. Вагнер:Увертира од операта „Мајсторите пејачи од Нирнберг“

Прелудиумот кон првиот чин на „Мајсторите пејачи од Нирнберг“ е едно од најсвечените и најмонументалните оркестарски воведни дела на Рихард Вагнер. Операта била премиерно изведена во Минхен во 1868 година, но прелудиумот бил изведен самостојно уште во 1862 година, под диригентство на самиот композитор.
За разлика од митолошките и трагични светови на голем дел од Вагнеровиот оперски опус, „Мајсторите пејачи од Нирнберг“ е сместена во историскиот Нирнберг од 16 век и се занимава со односот меѓу уметничката традиција, индивидуалната креативност и правилата на уметничкиот занает. Во музичкиот јазик на прелудиумот овие идеи се претвораат во јасен судир и синтеза на различни тематски и стилски сфери. Монументалните дувачки фанфари, свечените мелодиски елементи и полифоната обработка се поврзуваат со традицијата на старите мајстори, додека богатата хроматика, тематската трансформација и густата оркестарска фактура ја носат препознатливата зрелост на Вагнеровиот музички јазик. Посебно значајна е неговата работа со тематски идеи, кои не се третирани само како мелодии, туку како структурни и драмски носители.На тој начин, увертирата претставува своевидна музичка синтеза: традицијата не е спротивставена на новото, туку станува материјал од кој може да се создаде нов уметнички израз.

Џ. Верди: Увертира од операта „Моќта на судбината“

Увертирата кон „Моќта на судбината“ е создадена за ревидираната верзија на операта, претставена во Милано во 1869 година. Со неа Џузепе Верди ја заменил пократката воведна музика од првобитната верзија, создавајќи една од најмоќните и најконцизни оркестарски синтези на драмскиот свет на операта.
Веќе на почетокот три тешки акорди во нискиот регистар и во еднотонска звучна поставеност создаваат впечаток на неизбежност. Тие стануваат своевиден музички симбол на „судбината“, која во операта постојано го насочува животот на ликовите кон трагичниот исход. Наспроти оваа неподвижна и заканувачка звучност, Верди поставува подвижни, вознемирени и лирски тематски идеи.
Особено впечатлив е начинот на кој увертирата ги кондензира различните емоционални состојби на операта: страдањето, љубовта, надежта, насилството и духовната потрага. Оркестарската драматургија е истовремено едноставна и исклучително ефективна. Со препознатливата мелодиска експресивност и драматичната економичност, Верди создава увертира која функционира како своевиден музички пролог на целата трагедија.

Д. Шостакович: „Свечена увертира“

„Свечена увертира“, оп. 96, на Дмитриј Шостакович, е компонирана во 1954 година по повод прослава организирана во Бољшој театарот. Делото било создадено по итна нарачка и во исклучително краток временски период, а премиерно било изведено на 6 ноември 1954 година под диригентство на Александар Мелик-Пашаев.
Увертирата започнува со блескава фанфара на лимени дувачки инструменти, по која следува брз и енергичен оркестарски тек. Карактеристични се виртуозните пасажи во гудачите и дрвените дувачки инструменти, снажната ритмичка пулсација и раскошната употреба на лимениот корпус и ударните инструменти.
И покрај пригодниот карактер, делото покажува значајни одлики на Шостаковичевиот зрел стил: прецизна оркестрација, остар ритмички профил, контраст меѓу масивниот и камерниот звук и способност за создавање голем драмски ефект со релативно кратка музичка форма. Фанфарниот материјал се враќа пред кодата, а композицијата кулминира во блескав и виртуозен завршеток.
„Свечена увертира“со текот на времето го надминала својот првичен пригоден контекст и станала едно од најпопуларните оркестарски дела на Шостакович. Нејзината енергичност, брилијантната оркестрација и непосредниот ефект ја направиле трајно присутна на концертните подиуми ширум светот.

Текстови: Тина Иванова, музиколог

СЛЕДНА ПРОГРАМА:

14.10.2026

Гостување на НУ Филхармонија на РСМ во Центарот за култура – Битола
Диригент:
Борјан Цанев

8.10.2026

KODI MUZIKOR

Programi:
V. A. Moxart: Uvertura nga opera “Don Zhuani”
Xh. Rosini: Uvertura nga opera “Berberi i Seviljes”
L. van Bethoven: Uvertura “Koriolan”
J. Brams: “Uvertura festive akademike”
R. Vagner: Uvertura nga opera “Mjeshtrit këngëtarë të Nyrnbergut”
Xh. Verdi: Uvertura nga opera “Forca e fatit”
D. Shostakoviç: “Uvertura solemne”

Me paraqitjet e tij në vend dhe jashtë tij, e veçanërisht me koncertet e fundit si dirigjent i ftuar me Filharmoninë e Krakovit, Filharmoninë e Bohemisë Veriore, Filharmoninë e Sofjes dhe Filharmoninë e Maqedonisë, Borjan Canev mbetet një nga dirigjentët më të kërkuar në Maqedoni dhe në rajonin më të gjerë. Maestro Canev e ndërthur karrierën e tij skenike me mësimdhënien si profesor në Fakultetin e Artit Muzikor në Shkup. Angazhimi i tij 20-vjeçar si kryedirigjent i Filharmonisë së Maqedonisë luajti një rol jashtëzakonisht të rëndësishëm në ngritjen cilësore të ansamblit. Në rolin e pedagogut dhe mentorit, ai ka udhëhequr shumë breza muzikantësh drejt rrugëtimit të tyre profesional në vend dhe në botë. Si fitues i çmimeve prestigjioze “Virtuozët – interpretuesi më i mirë muzikor” dhe “Gjorgji Bozhikov” – për interpretimin më të mirë të veprave të kompozitorëve maqedonas, ai vlerësohet si një nga muzikantët më të rafinuar në Maqedoni.
Diplomoi në Fakultetin e Artit Muzikor në Shkup dhe përfundoi studimet e magjistraturës në Akademinë Shtetërore të Muzikës në Sofje. Menjëherë më pas u emërua dirigjent i Filharmonisë së Maqedonisë, ku qëndroi deri në vitin 2019. Në vitin akademik 2000/2001, Canev u specializua për dirigjim në Kolegjin Mbretëror të Muzikës në Londër, ku punoi me dirigjentët e njohur sër Sajmon Ratëll, Daniele Gati dhe Janosh Fyrst. Pikërisht në Kolegjin Mbretëror mori edhe çmimin “August Mans” për dirigjentin më të mirë të ri. Një nga ngjarjet më të rëndësishme të karrierës së tij të hershme ishte ftesa për të qenë asistent i dirigjentit sër Kolin Dejvis në produksionin e operës “Don Zhuani” të Moxartit në Shkollën Mbretërore të Operës, e më pas për të dirigjuar Orkestrën Simfonike të Londrës në kuadër të klasës mjeshtërore të sër Kolin Dejvisit.
Në vitet në vijim, maestro Canev realizoi shumë koncerte me Filharmoninë e Maqedonisë, si dhe me Orkestrën e saj të Dhomës, në Maqedoni dhe jashtë saj: në Romë, Paris, Stamboll, Pragë, Novi Sad, Zagreb, Nju-Jork, si dhe në turne në Poloni dhe Kazakistan. Në periudhën 2003–2006 ishte kryedirigjent i Orkestrës së Dhomës “Solistët e Shkupit”, ndërsa nga viti 2006 deri në vitin 2009 ishte dirigjent i përhershëm i ftuar i Filharmonisë së Sofjes. Në Operën dhe Baletin e Maqedonisë ka dirigjuar disa shfaqje të “Traviatës” së Verdit, ka udhëhequr premierën e produksionit të ri të “Flautit magjik” të Moxartit, si dhe premierën e baletit “Aleksandri III i Maqedonisë” të Lubomir Brangjolicës. Në vitin 2015 udhëhoqi Filharmoninë e Maqedonisë në paraqitjen e parë të orkestrës në SHBA, përfshirë dy koncerte në Nju-Jork, në “Carnegie Hall” dhe në Qendrën Muzikore “Kaufman”.
Përveç paraqitjeve me Filharmoninë e Maqedonisë, maestro Canev ka dirigjuar edhe shumë orkestra të njohura: Orkestrën Simfonike të Londrës, Filharmoninë e Sofjes, Filharmoninë e Krakovit, Filharmoninë e Bohemisë Veriore, Orkestrën Simfonike të Malit të Zi, Filharmoninë e Aradit, Orkestrën Simfonike “Vagner” të Tokios, Orkestrën Simfonike të Vojvodinës, “Sinfonietën” e Sofjes, Orkestrën Kroate të Dhomës, Orkestrën e Dhomës të Zadarit, Orkestrën e Dhomës të Rinisë Muzikore të Maqedonisë etj.
Ka bashkëpunuar me solistë me renome botërore, ndër të cilët: Ivo Pogoreliç, Johanes Mozer, Gotje Kapuson, Sergej Nakarjakov, Sajaka Shoxhi, Daniel Myler-Shot, Kiril Trusov, Serhio Tiempo, Ilja Gringolc, Akiko Suvanai, Simon Trpçeski, Aleksej Ogrinçuk, Zhang Zuo (Zi Zi), Shtefan Dor, Xhozef Alezi, Dejvid Geret, Stefan Milenkoviç, Roman Simoviç, Stjepan Hauzer, Evgeni Bozhanov, Krishtof Barati, Monika Leskovar, Tine Ting Helset, Antal Zalai, Emanuel Sejson, Piter Lukash-Graf, Branimir Slokar, Gzavie Filips, Rabi Abu-Kalil, Ana Durlovski, Bllagoj Nacoski dhe shumë të tjerë.
Ka dirigjuar në të gjitha festivalet e njohura në Maqedoni: “Vera e Ohrit”, “Vera e Shkupit”, “Mbrëmjet operistike të majit”, “Ditët e muzikës maqedonase”, si dhe në shumë festivale jashtë vendit, përfshirë: “George Enescu”, “KotorArt”, “Mbrëmjet verore të Zagrebit”, “Vera e Varnës”, NOMUS, “Bota e muzikës” në Zagreb etj. Borjan Canev është paraqitur si dirigjent në SHBA, Angli, Japoni, Itali, Francë, Çeki, Poloni, Kroaci, Serbi, Bullgari, Mal të Zi, Turqi, Rumani, Bosnjë dhe Hercegovinë dhe Kazakistan. Ka realizuar incizime për Radion dhe Televizionin e Maqedonisë, Radion Kombëtare Bullgare, si dhe për “FAMES Project” në Maqedoni. Aktualisht është profesor i rregullt në Fakultetin e Artit Muzikor në Shkup dhe njëkohësisht vazhdon paraqitjet në institucionin ku zhvilloi pjesën më të madhe të karrierës së tij – Filharmoninë e Maqedonisë.

Historia e uverturës është, në njëfarë kuptimi, historia e çlirimit gradual të muzikës orkestrale nga funksioni i saj fillestar skenik. Nga një hyrje instrumentale, detyra e së cilës ishte të tërhiqte vëmendjen e publikut dhe të hapte shfaqjen teatrore, uvertura shndërrohet gradualisht në bartëse të një ideje dramaturgjike, në sintezë të materialit muzikor të një vepre skenike dhe, më vonë, në një formë orkestrale plotësisht të pavarur.
Programi i këtij koncerti e ndjek këtë proces përmes shtatë poetikave të ndryshme. Te Moxarti dhe Rosini, uvertura është ende e lidhur ngushtë me teatrin operistik, por tashmë shfaq një autonomi të konsiderueshme; te Bethoveni, dramaturgjia zhvendoset nga skena brenda vetë formës orkestrale; te Bramsi, uvertura bëhet hapësirë për përpunimin simfonik të një materiali të caktuar tematik; te Vagneri, ajo shndërrohet në një parathënie muzikore të përqendruar të një bote të tërë dramatike; te Verdi, orkestra merr rolin e dramaturgut; ndërsa te Shostakoviçi, uvertura rishfaqet si një formë koncertale e shkëlqyer dhe e pavarur, e çliruar nga nevoja për një rrëfim skenik.

V. A. Moxart: Uvertura nga opera “Don Zhuani”

Uvertura e Moxartit nga opera “Don Zhuani” është një nga arritjet më mbresëlënëse të këtij zhanri dhe, njëkohësisht, një shembull i intuitës së jashtëzakonshme dramaturgjike të kompozitorit. Opera, me libret të Lorenco da Pontes, u shfaq premierë në Pragë, më 29 tetor 1787.

Uvertura nis me një Andante të ngadaltë, solemn dhe kërcënues në re minor. Tingëllimi i saj i errët të çon drejtpërdrejt në botën dramatike të përfundimit të operës, veçanërisht te shfaqja e Statujës së Gurit në skenën ku Don Zhuani përballet me pasojat e veprimeve të tij. Në këtë mënyrë, ende pa filluar veprimi, Moxarti vendos boshtin themelor dramatik të veprës: përballjen mes hedonizmit të shkujdesur dhe ndëshkimit të pashmangshëm.
Allegro-ja që pason, përkundrazi, sjell energji, lëvizje dhe shkëlqim. Është interesante se materiali i saj tematik nuk është marrë nga vetë opera. Kontrasti mes hyrjes së errët dhe Allegro-s së gjallë pasqyron natyrën komplekse të veprës – një operë që është njëkohësisht komike, dramatike dhe tragjike. Në këtë uverturë, Moxarti jo vetëm që paralajmëron operën, por krijon edhe një botë dramatike të pavarur, ku muzika bëhet bartëse e atmosferës së saj thelbësore.

Xh. Rosini: Uvertura nga opera "Berberi i Seviljes"

Uvertura e "Berberit të Seviljes" është një nga veprat orkestrale më të dallueshme të Xhoakino Rosinit dhe një shembull i stilit të tij karakteristik: ritëm energjik, konture të qarta melodike, ndërtim gradual i intensitetit dinamik dhe një ndjeshmëri e pakrahasueshme për efektin skenik.
Opera, e bazuar në komedinë e Pjer Ogysten Karon dë Bomarshesë, u shfaq premierë në Romë, në vitin 1816. Megjithatë, uvertura e saj ka një histori të pazakontë: Rosini nuk e kompozoi fillimisht për këtë operë, por e kishte përdorur më parë në operën seria "Aureliani në Palmira" dhe më pas në operën "Elizabeta, mbretëresha e Anglisë". Fakti që e njëjta muzikë mund të funksiononte në kontekste kaq të ndryshme dramatike dëshmon fleksibilitetin e stilit të Rosinit dhe funksionin e veçantë të uverturës në operën italiane të fillimit të shekullit XIX.
Ndryshe nga uvertura e mëvonshme romantike, e cila shpesh përmban material tematik nga opera dhe paralajmëron zhvillimin e saj dramatik, uvertura e Rosinit funksionon para së gjithash si një hyrje orkestrale plot shkëlqim. Grumbullimi gradual i energjisë, kreshendot karakteristike dhe orkestrimi virtuoz krijojnë ndjesinë e një lëvizjeje të pandërprerë dhe të një gjallërie komike – një paralajmërim ideal tingullor për botën e Figaros, Rozinës dhe intrigat komike që pasojnë.

L. van Bethoven: Uvertura "Koriolan"

"Koriolan" e Bethovenit është një uverturë e frymëzuar nga tragjedia me të njëjtin emër e Hajnrih Jozef fon Kolinit, e cila mbështetet në historinë e prijësit ushtarak romak Koriolan. Vepra u kompozua në vitin 1807 dhe përfaqëson një nga shembujt më të fuqishëm të aftësisë së Bethovenit për të ndërtuar një rrëfim dramatik vetëm përmes mjeteve orkestrale.
Muzika nis me akorde të shkurtra dhe të prera në do minor, të pasuara nga një kontrast i fortë mes ideve tematike të tensionuara dhe atyre lirike. Materiali themelor tematik mund të perceptohet si shprehje muzikore e konfliktit, krenarisë dhe papajtueshmërisë së Koriolanit, ndërsa materiali i kundërt, më i qetë, sjell një përmasë njerëzore dhe lirike. Ky kontrast ndërton gradualisht harkun dramatik të kompozimit.
Megjithëse vepra shpesh cilësohet si muzikë programatike, Bethoveni nuk e "rrëfen" historinë në kuptimin e drejtpërdrejtë. Përkundrazi, ai e shndërron dramën në një proces muzikor: konflikt, kundërvënie, përpjekje për pajtim dhe, në fund, shpërbërje. Në përfundim, materiali muzikor e humbet gradualisht fuqinë e tij, duke krijuar përshtypjen e shuarjes – një ekuivalent muzikor sugjestiv i fundit tragjik të Koriolanit.

J. Brams: "Uvertura festive akademike"

"Uvertura festive akademike" e Johanes Bramsit është një nga veprat më plot humor të krijimtarisë së tij orkestrale. E kompozuar në vitin 1880, ajo ishte përgjigjja e tij muzikore ndaj doktoratës së nderit që i kishte akorduar Universiteti i Breslaut.
Në vend të një përshëndetjeje "akademike" formale dhe solemne, Bramsi krijon një vepër të mbushur me humor, energji rinore dhe frymë studentore. Vetë ai e përshkroi uverturën si "një potpuri shumë të zhurmshme këngësh studentore". Në të janë përpunuar katër këngë të njohura studentore, ndër të cilat "Gaudeamus igitur", që kurorëzon finalen madhështore.
Vepra është veçanërisht interesante për mënyrën se si Bramsi ndërthur qasjen serioze simfonike me elementet e kulturës popullore studentore. Përpunimi kontrapunktik, orkestrimi i kujdesshëm dhe ndërtimi i qëndrueshëm formal janë tipike për Bramsin, por njëkohësisht muzika është plot ironi dhe gjallëri. Kështu, "Uvertura festive akademike" nuk është vetëm një vepër e shkruar për një rast të caktuar, por edhe një dialog plot humor mes traditës akademike dhe entuziazmit rinor.

R. Vagner: Uvertura nga opera "Mjeshtrit këngëtarë të Nyrnbergut"

Preludi i aktit të parë të operës "Mjeshtrit këngëtarë të Nyrnbergut" është një nga hyrjet orkestrale më solemne dhe më monumentale të Rihard Vagnerit. Opera u shfaq premierë në Mynih në vitin 1868, por preludi ishte interpretuar si vepër më vete që në vitin 1862, nën dirigjimin e vetë kompozitorit.
Ndryshe nga botët mitologjike dhe tragjike të një pjese të madhe të krijimtarisë operistike të Vagnerit, ngjarjet e "Mjeshtrit këngëtarë të Nyrnbergut" zhvillohen në Nyrnbergun historik të shekullit XVI dhe trajtojnë marrëdhënien mes traditës artistike, krijimtarisë individuale dhe rregullave të mjeshtërisë artistike. Në gjuhën muzikore të preludit, këto ide shndërrohen në një përplasje dhe sintezë të qartë të sferave të ndryshme tematike e stilistike.
Fanfarat monumentale të instrumenteve frymore, elementet solemne melodike dhe përpunimi polifonik lidhen me traditën e mjeshtërve të vjetër, ndërsa kromatika e pasur, transformimi tematik dhe tekstura e dendur orkestrale mbartin pjekurinë e dallueshme të gjuhës muzikore të Vagnerit. Veçanërisht domethënëse është puna e tij me idetë tematike, të cilat nuk trajtohen vetëm si melodi, por edhe si bartëse të strukturës dhe dramës. Në këtë mënyrë, uvertura përfaqëson një lloj sinteze muzikore: tradita nuk i kundërvihet së resë, por bëhet materiali prej të cilit mund të krijohet një shprehje e re artistike.

Xh. Verdi: Uvertura nga opera "Forca e fatit"

Uvertura e "Forcës së fatit" u krijua për versionin e rishikuar të operës, të prezantuar në Milano në vitin 1869. Me të, Xhuzepe Verdi zëvendësoi hyrjen më të shkurtër muzikore të versionit fillestar, duke krijuar një nga sintezat orkestrale më të fuqishme dhe më të përmbledhura të botës dramatike të operës.
Që në fillim, tri akorde të rënda në regjistrin e ulët, me një tingëllim të mbështetur në një ton të vetëm, krijojnë përshtypjen e pashmangshmërisë. Ato bëhen një lloj simboli muzikor i "fatit", i cili gjatë gjithë operës e drejton jetën e personazheve drejt përfundimit tragjik. Përballë këtij tingëllimi të palëvizshëm dhe kërcënues, Verdi vendos ide tematike të lëvizshme, të trazuara dhe lirike.
Veçanërisht mbresëlënëse është mënyra se si uvertura përmbledh gjendjet e ndryshme emocionale të operës: vuajtjen, dashurinë, shpresën, dhunën dhe kërkimin shpirtëror. Dramaturgjia orkestrale është njëkohësisht e thjeshtë dhe jashtëzakonisht e efektshme. Me shprehësinë e tij të dallueshme melodike dhe me përdorimin e përmbledhur të mjeteve dramatike, Verdi krijon një uverturë që funksionon si një lloj prologu muzikor i gjithë tragjedisë.

D. Shostakoviç: "Uvertura solemne"

"Uvertura solemne", op. 96, e Dmitri Shostakoviçit, u kompozua në vitin 1954 me rastin e një feste të organizuar në Teatrin Bolshoi. Vepra u krijua me një porosi urgjente dhe brenda një kohe jashtëzakonisht të shkurtër, ndërsa u interpretua për herë të parë më 6 nëntor 1954, nën dirigjimin e Aleksandër Melik-Pashajevit.
Uvertura nis me një fanfarë të shkëlqyer të instrumenteve frymore të tunxhit, pas së cilës vijon një rrjedhë orkestrale e shpejtë dhe energjike. Karakteristike janë pasazhet virtuoze të instrumenteve me harqe dhe atyre frymore të drurit, pulsimi i fuqishëm ritmik dhe përdorimi i pasur i seksionit të tunxhit dhe instrumenteve të perkusionit.
Pavarësisht karakterit të saj të lidhur me një rast të caktuar, vepra shfaq tipare të rëndësishme të stilit të pjekur të Shostakoviçit: orkestrimin e saktë, profilin e mprehtë ritmik, kontrastin mes tingëllimit masiv dhe atij të dhomës, si dhe aftësinë për të krijuar një efekt të madh dramatik përmes një forme muzikore relativisht të shkurtër. Materiali i fanfarës rikthehet para kodës dhe kompozimi kulmon me një përfundim të shkëlqyer e virtuoz.
Me kalimin e kohës, "Uvertura solemne" e tejkaloi kontekstin e rastit për të cilin ishte krijuar dhe u bë një nga veprat orkestrale më të njohura të Shostakoviçit. Energjia, orkestrimi brilant dhe efekti i menjëhershëm i kanë siguruar asaj një prani të përhershme në skenat koncertale anembanë botës.

Tekstet: Tina Ivanova, muzikologe

PROGRAMI I ARDHSHËM:

14.10.2026

Koncert i Institucionit Nacional Filharmonia e RMV-së në Qendrën e Kulturës – Manastir
Dirigjent:
Borjan Canev